СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 30 ноември 2001 Скопје
Број 94 Год. LVII

Претплатата за 2001 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 120 денари.Жиро сметка 300000000188798

1626.

Врз основа на член 94 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

1. Се разрешува д-р Владо Бучковски од функцијата член на Владата на Република Македонија и министер за одбрана.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3898/1
23 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1627.

Врз основа на член 94 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува д-р Илинка Митрева од функцијата член на Владата на Република Македонија и министер за надворешни работи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3899/1
23 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1628.

Врз основа на член 94 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ЗДРАВСТВО

1. Се разрешува д-р Петар Милошевски од функцијата член на Владата на Република Македонија и министер за здравство.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3900/1
23 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1629.

Врз основа на член 94 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР)

1. Се разрешува Илија Филиповски од функцијата член на Владата на Република Македонија (министер без ресор).

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3901/1
23 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1630.

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕР

1. Се разрешува Зоран Витанов од функцијата заменик на министерот за економија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3902/1
23 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1631.

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕР

1. Се разрешува Томе Тромбев од функцијата заменик на министерот за транспорт и врски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3904/1
23 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1632.

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕР

1. Се разрешува д-р Елеонора Петрова-Митевска од функцијата заменик на министерот за култура.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3903/1
23 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1633.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.11.2001 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СТАНОВИ КАКО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Со оваа одлука се евидентираат како државна сопственост сите станови во Република Македонија изградени со здружени средства по било кој основ, а кои се заведени на претпријатија или установи како и становите на претпријатијата кои се ликвидирани, приватизирани или кои се во стечај и деловите од заедничките простории кои се адаптирани во станбен простор.

Член 2

Со становите од претходниот член ќе стопанисува и управува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Се задолжува Комисијата за станбени и иселенички прашања на Владата на Република Македонија да донесува соодветни решенија на лицата кои ги користат становите и ќе служат како посебен доказ при евидентирање на становите.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6682/1
20 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1634.

Врз основа на член 184 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 36/98, 86/99 и 25/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2001 година, донесе

РЕШЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ КОИ МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗАТ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Со ова решение се определуваат предметите кои може да се увезат без плаќање царина, а за потребите на Министерството за здравство и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Именување	Количина
1	2	3	4
7311	7311 00	Контејнери за компримирани или течни гасови, од железо или челик:	
	7311 00 91 00	--До 1000 литри	
		а) Боци за кислород / Oxigen bottles	100 парчиња
9004		Очила и слични производи корективни, заштитни или други:	
	9004 90 90 00	--Друго	
		а) Лупа за зголемување на предмет на страни тела Magnifying goggles	100 парчиња
9018		Инструменти и апарати за медицинска, хируршка, забарска и ветеринарна наука, вклучувајќи и сцинтиграфски апарати, други електромедицински апарати и инструменти за испитување на видот:	
		-Електродијагностички апарати (вклучувајќи и апарати за функционални истражувачки испитувања или за проверување на физиолошките параметри):	
	9018 90	-Други инструменти и апарати:	
	9018 90 85 00	--Друго	
		а) апарат за мерење на проток на воздух Peak Flow metres - adults and child	290 парчиња
9019		Апарати за механотерапија; апарати за масажа; апарати за психолошки тестирања; апарати за озонотерапија, оксигенотерапија, аеросол терапија, вештачко дишење или други терапевтски апарати за дишење:	
	9019 20 00 00	-Апарати за озонотерапија, оксигенотерапија, аеросол терапија или други терапевтски апарати за дишење	
		а) Инхалатори-електрични апарати за инхалација / Nebuliers with accessories	100 парчиња
		б) Комплет за реанимација со помошен прибор Resuscitation bags	100 парчиња
9405		Ламби и други светлечки тела, вклучувајќи и рефлектори и нивни делови, на друго место неспомнати ниту опфатени; осветлени знаци, осветлени плочки со имиња и слично, со постојано фиксиран светлосен извор и нивни делови	

	на друго место неспомнати ниту опфатени:	
9405 40	-Други електрични ламби и светлечки тела:	
9405 40 99 00	----Друго а) Халогена лампа за преглед на пациенти Medical lights	120 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6757/1
27 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1635.

Врз основа на член 184 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 36/98, 86/99 и 25/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2001 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ КОИ МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗАТ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Со ова решение се определуваат предметите кои може да се увезат без плаќање царина, а за потребите на Министерството за транспорт и врски и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Именување	Количина
1	2	3	4
4202		Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актен-чанти, школски чанти, футроли за наочари, футроли за двогледи, футроли за фотоапарати, футроли за музички инструменти, футроли за пушки, футроли за пиштоли и слични контејнери; патни торби, тоалетни торби, ранци, женски чанти, торби за купување, портмонеа за банкноти, портмонеа за метални пари, футроли и корици за мапи или документи, табакери, кеси за тутун, торби за алат, спортски торби, торби за шишиња, кутии за накит, кутии за пудра, кутии за прибор за јадење и слични контејнери, од кожа или од вештачка кожа, од фолии од пластични маси, од текстилни материјали, од вулканфибер или од картон, или целосно или претежно прекриени со овие материјали или со хартија:	
4202 99 00 00	--Друго а) куфери од други материјали	1 парче
8504		Електрични трансформатори, статички конвертори (на пример, исправувачи) и индуктивни калеми:	
8504 40		-Статички конвертори (претворувачи):	
8504 40 94 00		----Друго а) Статички конвертори претворувачи	1 парче
8507		Електрични апарати, вклучувајќи и сепаратори за нив, правоаголни или не, (вклучувајќи и квадратни):	
8507 10		-Оловни акумулатори за задвижување на клипни мотори:	
8507 10 39 00		----Друго а) Оловни акумулатори	1 парче
8517		Електрични апарати за жична-телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони:	
8517 50		-Други апарати, за жични системи со носечка струја или за дигитални линиски системи:	
8517 50 90 00		--Други а) Електрични апарати за жична телефонија	9 парчиња
8518		Микрофони и нивни стативи; звучници, вклучувајќи и звучници во звучни кутии; наглавни слушалки, слушалки за едно уво и комбинации со микрофон; аудиофреквентни електрични засилувачи; електрични комплети за засилување на звукот:	
8518 30		-Наглавни слушалки, слушалки за едно уво и комбинации со микрофон:	
8518 30 90 00		--Друго а) Наглавни слушалки	1 парче
8524		Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37:	
8524 91 00 00		--За репродукција на појави освен на звук или слика: а) Плочи, ленти и други снимени материјали	43 парчиња

8526		Радари, помошни уреди за радионавигација и уреди за радиодалечинско управување:	
	8526 91	--Помошни уреди за радионавигација:	
	8526 91 90 00	---Друго	
		а) Помошни уреди за радионавигација	1 парче
8529		Делови погодни за употреба исклучително или главно за апарати од тарифниот број 8525 до 8528:	
	8529 10	-Антени и антенски рефлектори од сите видови; делови погодни за употреба со нив:	
	8529 10 39 00	-----Друго	
		а) Надворешни антени	20 парчиња
	8529 10 90 00	---Друго	
		а) Филтри и скретници	24 парчиња
	8529 90	-Друго:	
	8529 90 59 00	----Од други материјали	
		а) Склопки од други материјали	5 парчиња
	8529 90 72 00	----Електронски склопки	9 парчиња
	8529 90 88 00	---Друго	
		а) Склопки	1 парче
8537		Табли, плочи, пултови, маси, ормани и други основи, опремени со два или повеќе производи од тарифниот број 8535 или 8536, за електрично управување или разведување на електрична струја, вклучувајќи ги и оние со вградени инструменти или апарати од Глава 90, и нумеричко управувани апарати, освен комутационите апарати од тарифниот број 8517:	
	8537 10	-За напон до 1000 V:	
	8537 10 99 00	---Друго	
		а) Табли, пултови, плочи	4 парчиња
8544		Изолирана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори:	
	8544 41	--Со конектори:	
	8544 41 90 00	---Други	
		а) Електрични спроводници со конектори	14 парчиња
8704		Моторни возила за превоз на стоки:	
	8704 27	-- Со бруто маса до 5 т.:	
	8704 21 91 00	-----Нови	
		а) Моторни возила дизел нови	1 парче
9030		Осцилоскопи, спектрални анализатори и други инструменти и апарати за мерење или контрола на електрични големини, исклучувајќи ги мерачите од тарифниот број 9028; инструменти и апарати за мерење или откривање алфа, бета, гама, рендгенски, космички или други јонизирачки зрачења:	
	9030 40	-Други инструменти и апарати, посебно конструирани за телекомуникации (на пр. инструменти за мерење на преслушување, инструменти за мерење на засилување, инструменти за мерење на изобличување, псофометри):	
	9030 40 90 00	--Друго	
		а) Други инструменти посебно за телекомуникации	8 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6758/1
27 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1636.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 ноември 2001 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА - ДЕЛЧЕВО

1. Стефан Спасовски се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата - Делчево.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5203/2
20 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1637.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 ноември 2001 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА - ДЕЛЧЕВО

1. За вршител на должноста директор на Домот на културата - Делчево, се именува Љупчо Петровски, дипл. професор по книжевност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6849/1 Претседател на Владата
20 ноември 2001 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

_____

1638.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 ноември 2001 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "БЛАГОЈ ЈАНКОВ - МУЧЕТО" - СТРУМИЦА

1. Васил Георгиев се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата "Благој Јанков - Мучето" - Струмица.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6769/2 Претседател на Владата
20 ноември 2001 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

_____

1639.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 ноември 2001 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "БЛАГОЈ ЈАНКОВ - МУЧЕТО" - СТРУМИЦА

1. За вршител на должноста директор на Домот на културата "Благој Јанков - Мучето" - Струмица се именува Живко Лазаров, дипл. правник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6848/1 Претседател на Владата
20 ноември 2001 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

_____

1640.

Врз основа на член 9 од Правилникот на Комисијата за хартии од вредност за начинот и условите за полагање на стручен испит за вршење на работи со хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 93/2000), Комисијата за хартии од вредност на 09-11-2001 година ја донесе следната

ОДЛУКА

1. Уверенијата за работа со хартии од вредност број 01-71/1-96 од 10-01-1996 година, 01-76/1-96 од 10-01-1996 година, 01-79/1-96 од 10-01-1996 година, 01-97/1-96 од 10-01-1996 година, 01-100/1-96 од 10-01-1996 година, 01-103/1-96 од 10-01-1996 година, 01-120/1-96 од 10-01-1996 година, 01-75/1-96 од 31-01-1996 година, 01-95/1-96 од 31-01-1996 година, 01-99/1-96 од 31-01-1996 година, 01-123/1-96 од 31-01-1996 година, 01-128/1-96 од 31-01-1996 година, 01-129/1-96 од 31-01-1996 година, 01-133/1-96 од 31-01-1996 година, 01-264/1-99 од 26-05-1999 година, 01-225/1-96 од 22-06-1996 година, 01-249/1-96 од 22-06-1996 година и 01-09/1-97 од 27-11-1996 година, издадени од Комисијата за хартии од вредност, престануваат да важат.

2. Лицата чии уверенија од точка 1 на оваа одлука престануваат да важат, можат да се пријават за учество на нова обука и полагање на стручен испит за вршење на работи со хартии од вредност.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

4. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-1016/1 Комисија за хартии од вредност
14 ноември 2001година Претседател,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

_____

1641.

Врз основа на член 108 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 63/00, 103/00 и 34/01), Комисијата за хартии од вредност на својата седница одржана на 09-11-2001 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

1. Се укинува времената забрана за вршење на следниве работи на Брокерската куќа "Саксес Брокерс" АД Скопје:

- примање и извршување на налози од инвеститорите што се однесуваат на купување и продажба на долгорочни хартии од вредност, во име и за сметка на клиентот;
- тргување со долгорочни хартии од вредност во свое име и за своја сметка;
- раководење со финансиски имот за сметка на клиенти, раководење со финансиски имот на клиентот;
- организирање, подготвување и откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност;
- советување на клиентите при издавање и тргување со долгорочни хартии од вредност (инвестиционо советување), донесена со решение на Комисијата за хартии од вредност бр. 08-900/3 од 05-10-2001 година заради немање потребен ликвиден капитал согласно Законот за хартии од вредност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-900/5 Комисија за хартии од вредност
09 ноември 2001година Претседател,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

_____

1642.

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00 и 34/01), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 21.11.2001 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На Силекс Банка АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - единаесетта емисија на 49.165 акции во вредност од 4.179.049 германски марки или во денарска противвредност од 130.078.418 денари согласно Одлуката за условно зголемување на основната главница на Силекс Банка АД Скопје од 29.05.2001 година.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Се задолжува Силекс Банка АД Скопје на Собрание на акционерите да ја верификува Одлуката на Управниот одбор на банката од 24.10.2001 година за преименување на дванаесеттата емисија на акции во единаесетта емисија на акции, и до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ за верификацијата.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-936/12 Комисија за хартии од вредност
21 ноември 2001година Претседател,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

1643.

Врз основа на член 17 став 2, алинеја 4, а во врска со член 18, став 6 од Законот за телекомуникациите ("Службен весник на РМ" бр. 33/96, 17/98 и 28/2000), министерот за транспорт и врски донесе

ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊА И МЕРЕЊА НА КАБЕЛСКА МРЕЖА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот за извршување на испитувања и мерења на кабелска мрежа за дистрибуција на радио и телевизиски програми, што го врши Управата за телекомуникации.

Член 2

Надоместокот за извршување на испитувања и мерења на кабелска мрежа за дистрибуција на радио и телевизиски програми, се пресметува во противвредност во ДЕН, по средниот курс на Народна банка на РМ на денот на уплатата и тоа:

- за главна станица..... 1.000 ДЕМ,
- за секој дистрибутивен јазел..... 150 ДЕМ.

Член 3

Надоместокот утврден во член 2 од овој правилник, се уплаќа на жиро сметката на Управата за телекомуникации-Скопје, бр. 40100-787-2297 ЕДБ 4030998-401098 и повикувачки број 724 139-110, пред извршување на испитувањата и мерењата.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-12326/1 Министер
16 ноември 2001 година за транспорт и врски,
Скопје **Љупчо Балкоски,** с.р.

1644.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "ВТОРИ СЕПТЕМВРИ" - ДЕМИР ХИСАР

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Втори Септември" - Демир Хисар што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 02.10.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/8 Министер,
19 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1645.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "МАЈСКИ ЦВЕТ" - СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Мајски Цвет" - Скопје што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 08.10.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/14 Министер,
7 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1646.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "8 МАРТ" - СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "8 Март" - Скопје што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 16.10.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/16 Министер,
8 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1647.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "КАЛИНКА" - ВАЛАНДОВО

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Калинка" - Валандово што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 13.10.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/18 Министер,
8 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1648.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "КОЧО РАЦИН" - СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Кочо Рацин" - Скопје што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 09.10.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/24 Министер,
16 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1649.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "ПРОЛЕТ" - СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Пролет" - Скопје што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 22.10.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/27 Министер,
8 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1650.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА" - ШТИП

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Вера Цировири Трена" - Штип што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 24.10.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/32 Министер,
19 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1651.

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" - ВЕЛЕС

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Димче Мирчев" - Велес што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детска градинка на седницата одржана на 02.11.2001 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-1036/39 Министер,
19 ноември 2001 година **Бедредин Ибраими,** с.р.
Скопје

1652.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 14 ноември 2001 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се укинува Одлуката за извршување на буџетот на фондот за вршење на работите на уредување и употреба на градежното земјиште за 2001 година, донесена од Советот на општина Струмица на 27 март 2001 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива од Владата на Република Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и со член 43 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа.

4. Судот на седницата утврди дека во оспорената одлука е предвидено дека буџетот на фондот за вршење на работите на уредување и употреба на градежното земјиште ќе се извршува според одредбите на оваа одлука, при што корисникот на средствата е должен утврдените средства да ги користи наменски, рационално и економично.

Понатаму, во одлуката е предвидено дека износите на трошоците утврдени со буџетот се лимитирани над кои не можат да се преземаат обврски, а во случај на преземање на нови обврски мора да се предложи нов извор на средства.

Во член 4 од одлуката е предвидено дека утврдените износи можат да бидат прераспоредени помеѓу трошковните ставки. Прераспределбата на трошковните ставки до износ од 100.000 денари се врши со решение на раководителот, а над тој износ одлуката на Советот на општина Струмица.

Во член 5 е предвидено дека средствата распоредени на соодветни позиции на буџетот за редовната дејност ќе се извршуваат месечно сразмерно на остварените трошоци и во рамките на предвидени средства со буџет.

Понатаму во член 6 е предвидено дека со пропис или друг акт не можат да се создаваат обврски на товар на буџет за 2001 година ако за тоа не се обезбедат средства, освен за средства распоредени во категоријата на капитални трошоци.

Во член 7 од одлуката е предвидено дека средствата за стапки и услуги потребни за вршење на редовната функција на корисникот се набавуваат со ситуација и фактура во кои посебно се покажуваат трошоците по поодделни потставки.

Набавката на стоки и вршењето услуги може да се обавува и со сметкопотврда но само по ограничени поединечни износи во противвредност до 200 ДЕМ, но и во овој случај присутна е обврската да трошоците бидат искажани по класификација на трошоците.

Во членот 8 кој според наше мислење всушност е оспорен со иницијативата е предвидено дека за средствата распоредени во разделот 1 - фонд за вршење на работите за уредување и употреба на градежното земјиште, одлучува раководителот на фондот во рамките на утврдените износи во буџетот.

Во член 9 е предвидено дека буџетот се извршува од 1.01.2001 до 31.12.2001 година.

Во членот 10 е предвидено дека оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во службено гласило на општина Струмица, а ќе се применува од 1.01.2001 година.

5. Согласно членот 43 алинеја 8 од Законот за локалната самоуправа, градоначалникот управува со имотот во согласност со статут на единицата на локалната самоуправа.

Според член 43 алинеја 3 и 4 од Законот градоначалникот се грижи и го обезбедува извршувањето на одлуките на советот и се грижи за извршување на работите што со закон и се доверени на единицата на локалната самоуправа.

Според член 29 став 1 точка 6 од наведениот закон, советот на општината основа јавни служби, јавни установи и јавни претпријатија во согласност со закон и врши контрола над нивната работа.

Според член 29 став 1 точка 11 од Законот, Советот има право да врши надзор над работата на органите, службите, установите и претпријатијата што ги основа единицата на локалната самоуправа.

Од изнесеното произлегува дека право е на единицата на локалната самоуправа да донесува одлука која е во функција на извршување на буџетот на фондот за вршење на работите на уредување и употреба на градежното земјиште чиј основач е општината и за чие извршување се грижи и го обезбедува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

Со оглед на тоа што во конкретниов случај со членот 8 од оспорената одлука е предвидено дека за средствата на фондот за вршење на работите на уредување и употреба на градежното земјиште одлучува раководителот на фондот, Судот оцени дека на тој начин се ограничува извршната власт на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

Според член 52 став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Со оглед на тоа што во конкретниов случај е предвидено одлуката да се применува од 1.01.2001 година, а таа е донесена односно објавена на 6 април 2001 година, што значи дека таа има ретроактивно дејство, Судот оцени дека таа не е во согласност со наведената уставна одредба.

6. Со оглед на изнесеното, Судот одлучи како во точка 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Цунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У.бр. 109/2001
14 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Тодор Цунов,** с.р.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВО И ОСИГУРУВАЊЕ

39.

Врз основа на член 5 од Правилникот за организацијата и начинот на работа на Здружението на банкарството и осигурувањето и Заклучокот од XV-та седница на Управниот одбор на Здружението на банкарството и осигурувањето, одржана на 13.07.2001 година, а во врска со Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата ("Сл. весник на РМ" бр. 43/2001 година), Управниот одбор на Здружението за банкарството и осигурувањето на седницата одржана на 25.10.2001 година, го донесе следниот

ДОГОВОР ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО СО ЧЕКОВИ ПО ТЕКОВНИ СМЕТКИ НА ГРАЃАНИТЕ - ОБРАЗЕЦ 19 Ц

Член 1

Банките издавачи на чекови по тековни сметки на граѓаните, потписници на овој договор ги применуваат единствените заеднички услови во работењето со чекови по тековни сметки утврдени со овој договор.

Член 2

Единствени заеднички услови во смисла на овој договор се:

- крајниот рок до кој банките издаваат чекови по тековни сметки по образец 19 Ц (постојните чекови вклучително и развиените форми од овој чек, во натамошниот текст: чек);
- крајниот рок до кој банките ќе го примат на наплата чекот од став 1, алинеја 1 од овој член;
- начинот на пресметка помеѓу банките по чековите од став 1, алинеја 1 од овој член.

Член 3

Краен рок за издавање чекови на сопственик на тековни сметки е:

- 31.12.2001 година.

Член 4

Крајниот рок за прием на чековите за наплата кај носител на платен промет е:

- до 30.06.2002 година.

По исклучок на рокот утврден во став 1 од овој член секоја банка, издавач на чек, може да определи и друг подолг рок од рокот утврден во став 1 за прием на чекови за наплата.

Постапката на наплатата на чековите со подолг рок од рокот утврден во став 2 од овој член ја утврдува банката издавач на чекот, за што е должна да ги извести носителите на платниот промет и јавноста.

Член 5

Банките потписници на овој договор, носители на платен промет, за примените чекови издадени од друга банка, односно од друг носител на платен промет, вршат задолжување на сметката на носителот на платниот промет кој е издавач на чекот со употреба на налог за пренос образец ПП 30.

Задолжување се врши преку системот за порамнување на Клириншката куќа, при што се задолжува сметката на банката издавач на чекот пријавена во ЕРИС.

Вредноста на чековите поднесени за наплата кај банка носител на платниот промет се исплаќа на доносителот на:

- денот на прием на наплатата на чековите, односно најдоцна следниот работен ден.

Член 6

Банката издавач на чекот која е задолжена од носителот на платниот промет за чек по кој има рекламација со доказ (вештачење од надлежен орган) дека чекот е злоупотребен, односно фалсификуван или има рекламации на елементите на чекот, има право да бара одобрение од правно лице кое го примило чекот преку банката носител на платниот промет во која е сметката на правното лице.

Носителот на платниот промет е должен да изврши наплата на чекот од став 1 од правното лице, примач на чекот, истиот ден, а најдоцна следниот работен ден од денот на прием на рекламацијата.

Барањето за одобрување по основ на фалсификација, односно злоупотреба може да гласи на износот на чекот зголемен за пресметана затезна камата од денот на неоправданото задолжување на тековната сметка по основ на чекот до денот на поднесување на рекламацијата.

Во случаи кога одобрувањето по основ на чекот е после рокот од став 2 на овој член, банката издавач на чекот има право да бара наплата на затезна камата, од денот на поднесувањето на рекламацијата до денот на наплатата.

Член 7

Евентуален спор во примената на овој договор се решава по пат на Арбитража.

Банките потписници на овој договор делегираат по еден член во Арбитражата.

Претседателот на Управниот одбор на Здружението на банкарството и осигурувањето со решение формира Арбитражна комисија за секој поединечен случај во состав од пет члена.

Арбитражната комисија се формира на следниот начин: претседател и двајца членови, по претходна согласност на банките учесници во спорот, именува претседателот на Управниот одбор на Здружението на банкарството и осигурувањето од редот на членовите на Арбитражата кои не се во работен однос кај странките во спорот.

Во работата на Арбитражната комисија може да учествуваат и други претставници на банките учесници во спорот без право на одлучување.

Останатите двајца членови ги определуваат банките учеснички во спорот.

Комисијата се формира во рок од 2 работни дена од приемот на барањето за решавање на спорот.

Барањето се доставува до стручната служба на Здружението на банкарство и осигурување.

Комисијата е должна да донесе одлука во рок од 15 дена.

Одлуката на Комисијата е конечна и обврзувачка за учесниците во спорот.

Управниот одбор на Здружението на банкарство и осигурување донесува свој Деловник за работа на арбитражата.

Член 8

Договорот важи од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

———————

40.

Врз основа на член 5 од Правилникот за организацијата и начинот на работа на Здружението на банкарството и осигурувањето и Заклучокот од XV-та седница на Управниот одбор на Здружението на банкарството и осигурувањето, одржана на 13.07.2001 година, а во врска со Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата ("Сл. весник на РМ" бр. 43/2001 година), Управниот одбор на Здружението за банкарството и осигурувањето на седницата одржана на 25.10.2001 година, го донесе следниот

ДОГОВОР ЗА ИЗДАВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ СО ЧЕКОВИ ПО ТЕКОВНИ СМЕТКИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Предмет на овој договор е:

- образец на чек по тековни сметки на граѓаните (во натамошниот текст: чек);
- гаранција на чек;
- износ на кој гласи чекот;
- постапка за наплата на чекот.

Член 2

Во користењето на средствата од тековните сметки на граѓаните се употребуваат:

- образец на чек по тековна сметка на граѓаните ПП 22 ("Сл. весник на РМ" бр. 43/2001) во натамошниот текст: чек 1.
- образец на чек што банките самостојно го утврдуваат и издаваат согласно со Законот за чек, во натамошниот текст: чек 2.

Член 3

Банката која издала чек 1, го лимитира износот на чекот до кој може да гласи истиот и е должна на образецот на чекот да назначи дали исплатата на чекот е гарантирана или не.

Банката кој издала чек 2 е должна да го гарантира чекот до износот назначен на чекот од страна на банката издавач.

Член 4

Лимитот на чекот 1 до кој банката може да гарантира го определува:

Со одлука на Управен одбор на Здружението на банкарството и осигурување и самостојно банката издавач.

Износот на кој банката гарантира за чек 2, самостојно го утврдува банката издавач.

Член 5

Чекот 1 кој е гарантиран од банката издавач, примен како средство за безготовинско плаќање се наплаќа во банката издавач или во друга банка носител на платниот промет овластена од банката издавач.

Банката што го примила чекот го исплаќа на денот на прием, односно најдоцна следниот работен ден и ја задолжува банката издавач.

Во случај на задолжување со чек кој е фалсификат, односно злоупотребен, начинот на решавање на рекламациите се утврдува со меѓусебен договор на носителите на платниот промет.

Член 6

Чекот 1 чија исплата не е гарантирана се поднесува на наплата само кај банката издавач.

Член 7

Чекот 2 се поднесува на наплата само кај банката издавач и истиот се исплаќа истиот, односно следниот работен ден.

Член 8

Евентуален спор во примената на овој договор се решава по пат на Арбитража.

Банките потписници на овој договор делегираат по еден член во Арбитражата.

Претседателот на Управниот Одбор на Здружението на банкарството и осигурувањето со решение формира Арбитражна комисија за секој поединечен случај во состав од пет члена.

Арбитражната комисија се формира на следниот начин:

Претседател и двајца членови, по претходна согласност на банките учесници во спорот, именува претседателот на Управниот одбор на Здружението на банкарството и осигурувањето од редот на членовите на Арбитражата кои не се во работен однос кај странките во спорот.

Во работата на Арбитражната комисија може да учествуваат и други претставници на банките учесници во спорот без право на одлучување.

Останатите двајца членови ги определуваат банките учеснички во спорот.

Комисијата се формира во рок од 2 работни дена од приемот на барањето за решавање на спорот.

Барањето се доставува до Стручната служба на Здружението на банкарство и осигурување.

Комисијата е должна да донесе одлука во рок од 15 дена.

Одлуката на Комисијата е конечна и обврзувачка за учесниците во спорот.

Управниот одбор на Здружението на банкарство и осигурување донесува свој Деловник за работа на Арбитражата.

Член 9

Договорот важи од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

	Банки		Потписнички
1.	Стопанска банка	А.Д.- Скопје	
2.	Комерцијална банка	А.Д.- Скопје	
3.	Инвест банка	А.Д.- Скопје	
4.	Македонска банка	А.Д.-Скопје	
5.	Извозна и кредитна банка	А.Д.-Скопје	
6.	Кредитна банка	А.Д.-Скопје	
7.	Тетекс-Кредитна банка	А.Д.-Скопје	
8.	Тутунска банка	А.Д.-Скопје	
9.	Радо банк	А.Д.-Скопје	
10.	Балканска банка	А.Д.-Скопје	
11.	Стопанска банка	А.Д.-Битола	
12.	Охридска банка	А.Д.-Охрид	
13.	Експорт импорт банка	А.Д.-Скопје	
14.	Тетовска банка	А.Д.-Тетово	
15.	Комерцијално инвестициона банка	А.Д.-Куманово	
16.	Силекс банка	А.Д.-Скопје	
17.	Интернационална приватна банка	-Скопје	
18.	Зираат банка-подружница	-Скопје	
19.	Поштенска банка	А.Д. -Скопје	
20.	Македонска банка за подршка на развојот	-Скопје	
21.	Еуросвисс	А.Д.-Скопје	

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I - Скопје преку претседателот на советот Светлана Трајчовска по правната работа за развод на брак по тужба на тужителот Зекири Мукадес, од с.Сингелиќ бр. 17/2, Скопје, против тужениот Рецеп Зекири од с.Руица - Куманово, сега со непознато место на живеалиште, постави привремен застапник во спорот и тоа адвокат Деловска Весна.

Привремениот застапник во оваа постапка ги има сите права и должности на законски застапник, кој ќе ги врши се додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот.

Овој оглас се објавува на огласната табла во судот и во "Службен весник на РМ".

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, II. П.бр. 1696/01. (29661)

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужба на тужителот Ненад Ивановиќ од Скопје, против тужената Тања Ивановиќ со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената да се јави во рок од 30 дена од објавување на судскиот оглас во "Службен весник на РМ" и на огласната табла на судот, или да постави свој полномошник кој ќе ја застапува во спорот. Во спротивно, судот ќе и постави времен застапник од редот на адвокатите во Скопје, кој ќе ја застапува тужената се додека тужената или нејзин полномошник не се јави во судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, VIII. П.бр. 624/01. (29806)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

- сертификат за квалитет.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ

1. Понудата треба да се достави во еден оригинален примерок, заверена и потпишана од одговорното лице.

2. Понудата се доставува согласно член 53 од Законот за јавни набавки.

3. Понудата да се достави на адреса: Фонд за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, преку пошта, во архивата на Фондот или со предавање на Комисијата на лице место најдоцна до 17.12.2001 година до 11,00 часот.

4. Секој учесник може да достави само една понуда.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

Најповолниот понудувач ќе се избере врз основа на следните критериуми:

- цена со сите давачки франко краен корисник.

Комисијата ќе ја цени придружната документација како битен предуслов за натамошно разгледување и одлучување на финансискиот дел од понудата.

ГАРАНЦИЈА

Понудувачот заедно со понудата мора да достави и гаранција во вид на депозит или банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на понудата.

Ако гаранцијата се прилага во депозит, истиот се уплаќа на жиро сметка 40100-640-37 Фонд за здравствено осигурување на Македонија, со назнака "за учество на повик бр. 02-3007/2".

Ако понудувачот приложи банкарска гаранција, гаранцијата треба да важи најмалку 90 дена од денот на отворањето на понудите.

РОКОВИ

1. Отворениот повик трае до 11,00 часот на 17.12.2001 година.

2. Отворањето на понудите ќе се одржи на 17.12.2001 година во 11,30 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, голема сала на III кат.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Овластените претставници на понудувачите кои сакаат да учествуваат на јавното отворање на понудите, на комисијата треба да и предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

2. Понудите што ќе бидат предадени по истекот на рокот, како и тие што не се изработени според пропозициите и критериумите утврдени во јавниот повик и тендер документацијата, нема да бидат разгледувани.

3. Заради полесна обработка на податоците сите понудувачи се должни податоците за материјалите што се предмет на овој повик да ги внесат во тендерската документација (преглед) што е подигнат од купувачот.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за јавни набавки ("Сл. весник на РМ" бр. 26/98), Фондот за здравствено осигурување на Македонија, повторно објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 02-5770/2

ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Нарачател на повикот е Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

2. Предмет на набавката е медицински потрошен материјал за хемодијализа (двојно лумен катетер сет за акутна и хронична дијализа), за потребите на јавните здравствени организации во Република Македонија.

3. Спецификацијата со количините и видот на материјалите што се предмет на набавката дадени се во тендерската документација.

4. Тендерската документација може да се подигне во архивата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, соба бр. 15, ул. "50 Дивизија" бр. 6 - Скопје, секој работен ден од 10,00 до 14,00 часот, откако ќе се уплатат 1.000,00 денари неповратни средства на жиро сметка 40100-640-37 - Фонд за здравствено осигурување на Македонија, со назнака за тендерска документација. Даночен број на Фондот е 4030991261703 - депонент Народна банка на Македонија.

5. Право на учество имаат сите правни лица што се регистрирани за вршење на дејност пропишана со Законот за лекови, помошни лековите средства и медицински помагала ("Сл. весник на РМ" бр. 21/98).

6. Постапката на повикот се спроведува со отворен повик, согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

7. Рокот на важењето на понудата е 90 дена од денот на поднесувањето.

8. Понудата е делива.

9. Испораката на материјалите што се предмет на набавката ќе се врши сукцесивно според потребите на нарачателот.

СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

Понудата треба да ги содржи следните податоци:

- име на понудувачот;
- спецификација со количината и видот на материјалите што се нудат;
- производител и земја на потекло;
- цена во денари со сите давачки франко краен корисник;
- начин, услови и рок на плаќање (рокот на плаќањето да не е помал од 120 дена од денот на испораката).

ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Со понудата, понудувачот е должен да ја достави следната документација:

1. Доказ за финансиската способност (документ за бонитет согласно член 22 од Законот за јавни набавки).

2. Доказ за техничка способност на понудувачот и тоа:

- список (референца) на главни и слични испораки во претходниот период;
- опис на технички постројки на понудувачот (магацински простор и расположиви средства за транспорт);
- посочување на вклучени технички (стручни) лица задолжени за материјалите што се нудат.

3. Доказ, извод од судска евиденција или друг соодветен документ дека не се во стечај или во процес на ликвидација и дека со правосилна пресуда не им е изречена мерка на безбедност-забрана за вршење на дејноста.

4. Документ (решение) за регистрација за вршење на дејноста издадено од Министерството за здравство.

5. Доказ дека се носители на застапништво, ексклузивни или овластени дистрибутери од производителот со чии производи учествува.

Бараните документи треба да се достават во оригинален примерок или во заверена копија од нотар.

Понудувачите се должни за материјалите што ги нудат да обезбедат:

- упатство за употреба, чување и ракување на македонски јазик;
- најмалку една година рок на употреба од денот на испораката (исправност и употребливост);
- сертификат за квалитет;
- сертификат за продажба.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ

1. Понудата треба да се достави во еден оригинален примерок, заверена и потпишана од одговорното лице.

2. Понудата се доставува согласно член 53 од Законот за јавни набавки.

3. Понудата да се достави на адреса: Фонд за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, преку пошта, во архивата на Фондот или со предавање на Комисијата на лице место најдоцна до 19.12.2001 година до 11,00 часот.

4. Секој учесник може да достави само една понуда.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

Најповолниот понудувач ќе се избере врз основа на следните критериуми:

- цена со сите давачки франко краен корисник.

Квалитетот и исправноста на материјалите како битен предуслов за натамошно разгледување и одлучување на финансискиот дел од понудата ќе ги цени комисијата на купувачот именувана исклучиво за оваа намена.

ГАРАНЦИЈА

Понудувачот заедно со понудата мора да достави и гаранција во вид на депозит или банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на понудата.

Ако гаранцијата се прилага во депозит, истиот се уплаќа на жиро сметка 40100-640-37 Фонд за здравствено осигурување на Македонија, со назнака "за учество на повик бр. 02-5770/2".

Ако понудувачот приложи банкарска гаранција, гаранцијата треба да важи најмалку 90 дена од денот на отворањето на понудите.

РОКОВИ

1. Отворениот повик трае до 11,00 часот на 19.12.2001 година.

2. Отворањето на понудите ќе се одржи на 19.12.2001 година во 11,30 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, голема сала на III кат.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Овластените претставници на понудувачите кои сакаат да учествуваат на јавното отворање на понудите, на Комисијата треба да и предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

2. Понудите што ќе бидат предадени по истекот на рокот, како и тие што не се изработени според пропозициите и критериумите утврдени во Јавниот повик и тендер документацијата, нема да бидат разгледувани.

3. Заради полесна обработка на податоците сите понудувачи се должни податоците за материјалите што се предмет на овој повик да ги внесат во тендерската документација (преглед) што е подигнат од купувачот.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за јавни набавки ("Сл. весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје, повторно објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 02-6173/2 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Нарачател на повикот е Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје, со седиште на ул. "50 Дивизија" бр. 6 - Скопје.

2. Предмет на набавката е прибирање на понуди за изведување на градежно - занатски работи за реконструкција на Клиниката за пулмологија при Клиничкиот центар - Скопје.

3. Спецификацијата на градежно-занаетчиските работи, со предмер пресметка е дадена во тендерската документација.

4. Тендерската документација може да се подигне во архивата на Фондот за здравствено осигурување - Скопје, ул. "50 Дивизија" бр. 6, соба бр. 15, секој работен ден од 10,00 до 14,00 часот откако ќе се уплатат 2.000,00 денари неповратни средства на жиро сметка 40100-640-37 на Фондот за здравствено осигурување - Скопје со назнака "За тендерска документација". Даночен број на фондот е 4030991261703 - депонент на Народна банка на Македонија.

5. Постапката за набавка се спроведува во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки.

6. Право на учество имаат сите правни лица што се регистрирани за вршење на соодветната дејност.

7. Рокот на важење на понудата е 90 дена од денот на нејзиното поднесување.

8. Понудата не е делива.

II. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

Понудата треба да ги содржи следните податоци:

- име со адреса на понудувачот;
- опис на понудените работи со предмер пресметка;
- цена на работите со сите давачки, по системот клуч на рака;
- начин и услови на плаќање;
- рок на изведување.

III. ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Со понудата, понудувачот е должен да ја достави следната документација:

1. Доказ за финансиската способност (документ за бонитет) издаден од институцијата надлежна за платниот промет, согласно член 22 од Законот за јавни набавки.

2. Доказ за техничка способност на понудувачот и тоа:

- список (референца) за извршени слични работи;
- кадровска и техничка опременост на понудувачот.

3. Извод од регистрацијата на дејноста.

4. Доказ, извод од судската евиденција или друг соодветен документ дека не се во стечај или во процес на ликвидација и дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на дејноста.

Бараните документи треба да се достават во оригинален примерок или во заверено копие од нотар.

IV. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

1. Понудата треба да се достави во еден оригинален примерок, заверена и потпишана од одговорното лице.

2. Понудата се доставува согласно член 53 од Законот за јавни набавки.

3. Понудата се доставува на адреса: Фонд за здравствено осигурување на Македонија - Скопје, ул. "50 Дивизија" бр. 6, преку пошта, во архивата на Фондот или со предавање на Комисијата на лице место најдоцна до 20.12.2001 година до 11,00 часот.

4. Секој учесник може да достави само една понуда.

V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

Најповолниот понудувач ќе се избере врз основа на следните критериуми:

- цена со сите давачки.

VI. РОКОВИ

1. Отворениот повик трае до 11,00 часот на 20.12.2001 година.

2. Отварањето на понудите ќе се одржи на 20.12.2001 година во 11,30 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје, ул. "50 Дивизија" бр. 6 - Скопје, голема сала на III кат.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Овластените претставници на понудувачите кои сакаат да учествуваат на јавното отворање на понудите на комисијата треба да и предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање на понудите.

2. Понудите што ќе бидат доставени по истекот на утврдениот рок, како и оние што не се изработени според тендерската документација и условите утврдени во овој повик, нема да бидат разгледувани.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување Крушево, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 5/2001 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ

1. Општи одредби

1.1. Набавувач на јавниот повик е Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување Крушево.

1.2. Предмет на набавката е прибирање на понуди за изградба на локален пат.

1.3. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.

1.4. Постапката на повикот се спроведува согласно член 16 став 1 од Законот за јавни набавки.

2. Тендерска документација

2.1. Тендерската документација набавувачот на јавниот повик им ја става на увид на заинтересираните понудувачи во Фондот секој работен ден од 8-14 часот.

2.2. Тендерската документација се однесува за изградба на локален пат.

3. Содржина на понудата

3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2. Квалитет, стандард и цена на секоја позиција посебно, како и вкупна цена на набавката и начинот на плаќање.

4. Доставување на понудата

4.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиска способност (преку документ за бонитет согласно член 22 од Законот).

4.2. Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност согласно член 23 од Законот.

5. Критериуми за избор на најповолен понудувач се: цената, квалитетот, рокот на изведување и начинот на плаќање.

6. Повикот трае 15 дена по неговото објавување.

7. Дополнителни појаснувања можат да се добијат на телефон 048-477-919.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Подрачна единица Струмица, објавува

ОГРАНИЧЕН ЈАВЕН ПОВИК БР. 5/2001 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕТХОДНО УТВРДУВАЊЕ НА ПОДОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ (ПРЕТКВАЛИФИКАЦИЈА), БЕЗ ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Набавувач на јавниот повик бр. 5/2001 е Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Подрачна единица - Струмица, бул. "Маршал Тито" бр. 18.

Предмет на јавниот повик бр. 5/2001 е прибирање на документација за претходно утврдување на подобност на понудувачите како можни носители на набавка за прибирање на понуди за изведба на градежни и градежно-занаетчиски работи на станбен објект, (22,0/16,0м, С+П+5) на ул. "Ѓорѓи Василев" бр. 40, во Струмица.

Повикот е јавен, отворен и анонимен со право на учество на сите правни и физички лица регистрирани за ваков вид на дејност со седиште во Република Македонија.

Отворањето на пријавите ќе се изврши без присуство на понудувачите.

2. СОДРЖИНА НА ПОВИКОТ

Понудувачите кои се бават со дејноста предмет на јавниот повик, своето учество на јавниот повик да го пријават со документација со која ќе го докажат следното:

- Техничко-технолошки бонитет (член 23 од Законот за јавни набавки) (во последните три години);
- Економско-финансиски бонитет - оригинал или копија заверена од нотар (член 22 од Законот за јавни набавки);
- Расположива опрема и други физички капацитети за реализирање на набавката (за последните три години);
- Организациона поставеност;
- Референтна листа за веќе изведени станбено-деловни објекти во последните три години со наведена вкупна инвестициона вредност со мислење на инвеститорот за квалитетот и навремено изведување на работите;
- Искуство и стручен кадар за извршување на набавката (сегашна состојба);
- Список на квалификувани работници - реализација на набавката;
- Предлози за работите кои би биле дадени на подизведувачи и нивно именување;
- За посочените подизведувачи да се достават истите документи како и за главниот изведувач како и договор за заеднички настап;
- Доказ-извод од судска евиденција или друг соодветен документ од надлежен орган, во оригинал или заверена фотокопија кај нотар со кој понудувачот ќе докаже дека не е во стечај или во процес на ликвидација, како и дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност - забрана на вршење на дејност.

3. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Понудувачите кон пријавата треба да ги приложат документите и податоците од точка 2 на овој повик како и следната документација:

Претставување на понудувачот (име, адреса, седиште, овластено лице, телефон, факс).

Извод од регистрација на дејноста.

Доколку понудувачот е заедница на две или повеќе фирми, потребно е да се достави:

Документација за секоја од фирмите наведена во точка 2.

Потпишан и заверен договор за точно наведените обврски и права.

Потпишан и заверен договор за Главен партнер и лице овластено за потпишување на документите во име на останатите партнери.

Документацијата и другите податоци се доставуваат во затворен плик, кој во горниот лев агол треба да ја носи ознаката "не отворај", како и бројот на јавниот повик. Истиот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот.

Рок за прием на документацијата изнесува 10(десет) дена.

Документацијата се доставува до набавувачот Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Подрачна единица - Струмица, бул. "Маршал Тито" бр. 18, Струмица, со назнака "за Комисија за јавни набавки", препорачано по пошта или со предавање во архивата на набавувачот.

Ограниченият повик трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" и во едно друго јавно гласило.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Документацијата што нема да биде доставена во утврдениот рок и онаа која нема да биде изработена според барањата содржани во повикот нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ТЕНДЕР ЗА ИЗБОР НА ИЗВЕДУВАЧИ

ПРОЕКТ: Еколошка заштита на Охридското Езеро - Реконструкција и рехабилитација на Прочистителната станица за отпадни води - Враништа

- ТЕНДЕР 1 -

Финансиран од: KfW
Клиент: М.Ј.П. Проаква - Струга
Краен рок: јануари 16ти 2002

Со ова соопштение, финансиерот (KfW) и работодавачот (М.Ј.П. Проаква) ги известуваат заинтересираните странки дека претквалификациониот и тендер период за избор на изведувачи за Проектот за еко-

лошка заштита на Охридското Езеро - Договор 1 - Реконструкција и рехабилитација на Прочистителната станица за отпадни води - Врањшта од 18ти декември 2001 е пролонгиран на 16ти јануари 2002.

Сите градежни фирми кои веќе извршиле купување на тендерските документи треба да го запазат ревидираниот рок, додека заинтересираните странки треба да ги следат инструкциите дадени во продолжение.

Делокругот на активности во Договор 1 ги вклучува, но без строго ограничување, следниве работни задачи:

- Проектот се одвива во пределот на македонската страна од Охридското Езеро, а главната локација на активностите ќе биде Прочистителната станица за отпадни води - Врањшта.

- Делокругот на активности ќе вклучува рехабилитација на градежните активности и електро-механичките инсталации, вклучувајќи инсталација на дополнителна контролна и мерна опрема. Во основа, работните активности го покриваат отстранувањето на поголем дел од постоечката опрема, како и набавка и поставување на нова и замена на механичката, електричната, инструменталната и контролната опрема во постоечката Прочистителна станица за отпадни води - Врањшта. Придружната градежна/структурна поправка и реновирање на прочистителната станица - Врањшта, исто така ќе биде покриена со овој договор, во вредност не поголема од 20% од вредноста на Договорот.

- Прочистителната станица за отпадни води - Врањшта е конструирана од 1985 до 1987 година, и е проектирана за отпадната вода од домаќинствата, пренесувана преку источниот и западниот колектор околу Охридското Езеро. Проектираните капацитети се како што следуваат:

- Максимален капацитет:	120.000 е.ж,
- Максимален проток:	1.670 л/сек.,
- Годишен капацитет:	6.000.000 м^3/год.,
- Ефект на прочистување:	до 20мг БПК/л и до 30 мг СМ/л,
- Инсталирана моќност:	1.8 MW.

Времетраењето на договорот за специфицираните активности изнесува 18 календарски месеци. Се предвидува договорот да започне во февруари 2002.

Претквалификацијата и тендерите за договорите за работа, кои се финансирани од страна на банката, се отворени за изведувачки претпријатија кои ги поседуваат потребните квалификации, од следниве земји:

Земји членки на ЕУ, Албанија, Бугарија, Република Чешка, Естонија, Латвија, Литванија, Република Македонија, Полска, Романија, Република Словачка, Словенија.

Претквалификационите и тендер документите можат да се добијат на долуназначената адреса, после уплатата на неповратни средства во висина од 2.350 ДМ (две илјади три стотини и педесет германски марки), на нерезидентната сметка на GKW Consult GmbH, Манхајм, Германија, во Охридска банка А.Д. Охрид; BLZ 41000-620-16 (SWIFT BIC: ОХРИД МК 22) - Број на сметка 708000-280-178.

За понатамошни информации, како и добивање на претквалификационите и тендер документи, заинтересираните претпријатија треба да се обратат на следнава адреса:

Г-дин Х. Гроздев / Г-дин Р. Сампсон GKW CONSULT GmbH. Во име на Проаква Кеј "8ми Ноември" бб, 6300 Струга, Македонија. Тел: 00 389 46 784 320. Факс: 00 389 46 784 322, e-mail: gkw_ohrid@yahoo.com.

Крајниот рок за поднесување на пополнетите претквалификациони и тендер документи од заинтересираните изведувачки фирми е 16 јануари 2001, до 12:00 часот на пладне.

TENDERING FOR ELIGIBLE CONTRACTORS

PROJECT: Lake Ohrid Environmental Protection - Upgrading and Rehabilitation of Vranista WWTP
CONTRACT 1

Financed by: KfW
Client: M.J.P. Proaqua - Struga,
Submission date: December 18th 2001

Based on the defined financial assistance from Kreditanstalt fur Wiederaufbau - Germany (the Bank), the Employer MJP Proaqua (Ohrid and Struga, Macedonia) invites interested eligible Construction Companies to apply for Tendering for Eligible Contractors for the "Lake Ohrid Environmental Protection Project" - Contract 1 - Upgrading and Rehabilitation of Vranista WWTP.

The scope of Work for Contract 1 includes but is not necessarily limited to the following works:

- The project will be in the area of the Macedonian side of Lake Ohrid, and the main location for the works will be the Vranista WWTP site.

- The scope of works will include the rehabilitation of the civil works and electro-mechanical installations, including the installation of complementary control and measurement equipment. This scope of work mainly covers the stripping out of much of the existing equipment and for the provision and installation of new and replacement mechanical, electrical, instrumentation and control equipment at the existing WWTP. Associated civil/structural repair and refurbishment of the WWTP will also be covered under this contract, but is not expected to exceed 20% of the value of the contract.

- The Municipal Wasterwater Treatment Plant at Vranista was constructed from 1985 to 1987 and had been designed for household wasterwater conveyed via the East and West collectors around the Ohrid Lake. The design capacities are as follows:

- Maximum Capacity: 120.000 p.e.
- Maximum Flow: 1.670 l/sec.
- Annual Capacity: 6.000.000 m^3/a
- Effect of Treatment: up to 20 mg BOD/l & up to 30 mg SS/l
- Installed Power: 1.8 MW.

The duration of the contract for the works specified is anticipated to be up to 18 calendar months. The contract is anticipated to commence in February 2002.

Prequalification and tendering for the contracts to be financed with the proceeds of a financial assistance from the Bank is open to firms and joint ventures of firms from any of the following countries: Member Countries of the EU, Albania, Bulgaria, Czech republic, Estonia, Latvia, Lithuania, Republic of Macedonia (FYROM), Poland, Romania, Slovak republic, Slovenia.

Prequalification and Tendering documents may be obtained from the address below upon payment of a non-refundable fee of 2.350.00 DM on the GKW Consult GmbH. Mannheim nonresident account with OHRIDSKA BANKA A.D. Ohrid; BLZ 41000-620-16 (SWIFT BIC: OHRID MK 22) - Account Numb. 708000-280-178.

Interested firms may obtain further information from, and inspect and acquire the prequalification and tendering documents at the following office:

Mr. H. Grozdev/Mr. R. Sampson,
GKW CONSULT GmbH
on behalf of Proaqua
kej "8mi Noemvri" bb,
6300 Struga,
Macedonia
Tel: 00 389 46 784 320,
Fax: 00 389 46 784 322,
e-mail: gkw_ohrid@yahoo.com

The closing date for submission of prequalification and tendering documentation will be December 18, 2001, 12:00 pm.

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во Ј.П. "Електростопанство на Македонија" - Скопје, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01-03/2002 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ЛЕЖИШТА , СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувачот на јавниот повик бр. 01-03/2002 е Ј.П."Електростопанство на Македонија" , со седиште на ул."11 Октомври" бр. 9, Скопје.

1.2. Предметот на набавката е прибирање на понуди за набавка на лежишта за потребите на РЕК Битола и РЕК Осломеј за 2002 година, во се според тендер документацијата.

1.3. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.

1.4. Постапката на повикот се спроведува со Отворен повик согласно Законот за јавни набавки.

1.5. Набавувачот го задржува правото, исполнувањето на предметната набавка да го додели на повеќе понудувачи (ако треба).

2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА И ТЕНДЕР ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1. Обемот на набавката е даден во: тендер документацијата.

2.2. Понудата треба да ја опфати 95% од целокупниот број на позиции дадени во тендер документација.

2.3. Комплетната тендер документација заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат во Ј.П."Електростопанство на Македонија", на ул."11 Октомври" бр. 9, Скопје кат 9, соба 3, од 7,30 до 9,30 часот, при што треба да приложат доказ за уплатени 500,00 МКД, на жиро сметка 40100-601-5012, корисник Ј.П."ЕСМ" - Скопје, ЕДБ 4030989128346, Стопанска банка, со назнака за Отворен повик бр. 01-03/2002.

2.4. Контакт телефони: за технички дел 149 126, за комерцијален дел 149 126.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2. Понудата треба да го содржи името на производителот.

3.3. Понудата треба да ги содржи сите единечни и вкупни цени за секоја позиција од обемот на понудата како и вкупната вредност на целата понуда (со сите давачки согласно член 54/3 од Законот за јавни набавки ако набавката е од странство) на паритет ДДП магацин на набавувачот, со посебно искажан ДДВ на вкупната вредност на понудата изразена во МКД.

Понудувачот е слободен, понудата да ја изрази и во странска валута.

При одлучувањето, договарањето и реализацијата на набавката ќе се применува продажниот курс на Народна банка на Р.Македонија.

3.4. Понудата треба да го содржи начинот на плаќање - само еден начин недвосмислено дефиниран.

3.5. Понудата треба да го содржи рокот за извршување на работите.

3.6. Понудата треба да има рок на важност.

3.7. Карактеристиките за техничките спецификации што понудувачот ги нуди во понудата треба да се во согласност со стандардите во Р.Македонија и меѓународните стандарди прифатени во Р.Македонија.

3.8. Понудите од странските понудувачи (документација која се бара и комерцијалната понуда) треба да бидат преведени на македонски јазик.

4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиската и економската способност согласно член 22 од Законот за јавни набавки.

Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет кој го издава Централниот регистар, а странските понудувачи согласно член 22 став 3 од Законот за јавни набавки.

4.2. Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во став 1 од член 24 од Законот за јавни набавки.

4.3. Понудувачот треба да достави банкарска гаранција во износ од 5% од вкупната вредност на понудата (вредност на ДДП со ДДВ), согласно член 55 од ЗЈН.

4.4. Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност, согласно член 23 од Законот за јавни набавки:

4.4.1. референтна листа за досегашни испораки од ваков вид.

4.5. Понудувачот треба да достави решение за ДДВ.

4.6. Претставниците на понудувачите треба да дадат писмено овластување за учество на Отвореният повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавни набавки.

4.7. Целокупната документација која се бара треба да е оригинална или заверени копии верни на оригиналот и не постари од 6 месеци.

5. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ (согласно член 25 од Законот за јавни набавки).

5.1. Цена.....35 поени;
5.2. Квалитет.....30 поени;
5.3. Начин на плаќање.....25 поени;
5.4. Рок на испорака.....10 поени.

6. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

6.1. Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 Законот за јавни набавки.

6.2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

6.3. Рок на доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.

6.4. Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса: Ј.П."Електростопанство на Македонија" , за Комисија за јавни набавки, ул."11 Октомври" бр. 9, 1000 Скопје.

6.5. Отворање на понудите ќе се изврши на ден 24.12.2001, во 10 часот, во просториите на Ј.П."Електростопанство на Македонија" , на ул."11 Октомври" бр. 9, Скопје, стара зграда, сала за состаноци, подрумски простории во присуство на овластените претставници на понудувачите.

6.6. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Отворениот повик, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Отворениот повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во Ј.П. "Електростопанство на Македонија" - Скопје, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01-04/2002 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ЗАПТИВНИ ПРСТЕНИ И ПЛЕТЕНИЦИ ЗА ПАРА, СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувачот на јавниот повик бр. 01-04/2002 е Ј.П."Електростопанство на Македонија" , со седиште на ул."11 Октомври" бр. 9, Скопје.

1.2. Предметот на набавката е прибирање на понуди за набавка на заптивни прстени и плетеници за пара за потребите на РЕК Битола и РЕК Осломеј за 2002 година, во се според тендер документацијата.

1.3. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.

1.4. Постапката на повикот се спроведува со Отворен повик согласно Законот за јавни набавки.

1.5. Набавувачот го задржува правото, исполнувањето на предметната набавка да го додели на повеќе понудувачи (ако треба).

2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА И ТЕНДЕР ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1. Обемот на набавката е даден во: тендер документацијата.

2.2. Понудата треба да го опфати целокупниот број на позиции дадени во тендер документацијата.

2.3. Комплетната тендер документација заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат во Ј.П."Електростопанство на Македонија", на ул."11 Октомври" бр. 9, Скопје кат 9, соба 3, од 7,30 до 9,30 часот, при што треба да приложат доказ за уплатени 500,00 МКД, на жиро сметка 40100-601-5012, корисник Ј.П."ЕСМ" - Скопје, ЕДБ 4030989128346, Стопанска банка, со назнака за Отворен повик бр. 01-04/2002.

2.4. Контакт телефони: за технички дел 149 126, за комерцијален дел 149 126.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2. Понудата треба да го содржи името на производителот.

3.3. Понудата треба да ги содржи сите единечни и вкупни цени за секоја позиција од обемот на понудата како и вкупната вредност на целата понуда (со сите давачки согласно член 54/3 од Законот за јавни набавки ако набавката е од странство) на паритет ДДП магацин на набавувачот, со посебно искажан ДДВ на вкупната вредност на понудата изразена во МКД.

Понудувачот е слободен, понудата да ја изрази и во странска валута.

При одлучувањето, договарањето и реализацијата на набавката ќе се применува продажниот курс на Народна банка на Р.Македонија.

3.4. Понудата треба да го содржи начинот на плаќање - само еден начин недвосмислено дефиниран.

3.5. Понудата треба да го содржи рокот за извршување на работите.

3.6. Понудата треба да има рок на важност.

3.7. Карактеристиките за техничките спецификации што понудувачот ги нуди во понудата треба да се во согласност со стандардите во Р.Македонија и меѓународните стандарди прифатени во Р.Македонија.

3.8. Понудите од странските понудувачи (документација која се бара и комерцијалната понуда) треба да бидат преведени на македонски јазик.

4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиската и економската способност согласно член 22 од Законот за јавни набавки.

Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет кој го издава Централниот регистар, а странските понудувачи согласно член 22 став 3 од Законот за јавни набавки.

4.2. Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во став 1 од член 24 од Законот за јавни набавки.

4.3. Понудувачот треба да достави банкарска гаранција во износ од 5% од вкупната вредност на понудата (вредност на ДДП со ДДВ), согласно член 55 од ЗЈН.

4.4. Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност, согласно член 23 од Законот за јавни набавки:

4.4.1. референтна листа за досегашни испораки од ваков вид.

4.5. Понудувачот треба да достави решение за ДДВ.

4.6. Претставниците на понудувачите треба да дадат писмено овластување за учество на Отворениот повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавни набавки.

4.7. Целокупната документација која се бара треба да е оригинална или заверени копии верни на оригиналот и не постари од 6 месеци.

5. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ (согласно член 25 од Законот за јавни набавки).

5.1. Цена.....35 поени;
5.2. Квалитет.....30 поени;
5.3. Начин на плаќање.....25 поени;
5.4. Рок на испорака.....10 поени.

6. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

6.1. Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 Законот за јавни набавки.

6.2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

6.3. Рок на доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.

6.4. Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса: Ј.П."Електростопанство на Македонија" , за Комисија за јавни набавки, ул."11 Октомври" бр. 9, 1000 Скопје.

6.5. Отворање на понудите ќе се изврши на ден 17.12.2001, во 13 часот, во просториите на Ј.П."Електростопанство на Македонија" , на ул."11 Октомври" бр. 9, Скопје, стара зграда, сала за состаноци, подрумски простории во присуство на овластените претставници на понудувачите.

6.6. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Отворениот повик, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Отворениот повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 10 од Договорот за усогласување на организацијата и работењето на Друштвото МАКЕДОНИЈА ТАБАК - 2000 ДОО експорт-импорт Скопје, Собирот на содружниците на седницата одржана на 13.11.2001 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАЛОПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА ЦИГАРИТЕ

1. Се утврдува малопродажната цена на цигарите ПАРТНЕР ЛАЈТС 100 мм, во меко пакување од 20 парчиња и изнесува 27,00 денари.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по објавувањето на истата во "Службен весник на Република Македонија".

Собир на содружници
Претседател,
Стевчо Коцевски, с.р.

СОДРЖИНА

Страница

1626. Одлука за разрешување член на Владата на Република Македонија и министер за одбрана..... 5103
1627. Одлука за разрешување член на Владата на Република Македонија и министер за надворешни работи..... 5103
1628. Одлука за разрешување член на Владата на Република Македонија и министер за здравство..... 5103
1629. Одлука за разрешување член на Владата на Република Македонија (министер без ресор)..... 5103
1630. Одлука за разрешување заменик на министер..... 5103
1631. Одлука за разрешување заменик на министер..... 5103
1632. Одлука за разрешување заменик на министер..... 5104
1633. Одлука за евидентирање на станови како државна сопственост..... 5104
1634. Решение за утврдување на предметите кои може да се увезат без плаќање царина..... 5104
1635. Решение за утврдување на предметите кои може да се увезат без плаќање царина..... 5105
1636. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата - Делчево..... 5106
1637. Решение за именување вршител на должноста директор на Домот на културата - Делчево..... 5106
1638. Решение за разрешување од должноста в.д. директор на Домот на културата "Благој Јанков-Мучето" - Струмица..... 5107
1639. Решение за именување вршител на должноста директор на Домот на културата "Благој Јанков-Мучето" - Струмица..... 5107
1640. Одлука на Комисијата за хартии од вредност за престанок на важност на уверенија за работа со хартии од вредност издадени од КХВ..... 5107
1641. Решение на Комисијата за хартии од вредност за укинување на времена забрана на Брокерската куќа - "Саксес Брокерс" АД Скопје..... 5107
1642. Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност..... 5107
1643. Правилник за утврдување на висината на надоместокот за извршување на испитувања и мерења на кабелска мрежа за дистрибуција на радио и телевизиски програми..... 5108
1644. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Втори Септември" - Демир Хисар..... 5108
1645. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца Детска градинка "Мајски Цвет" - Скопје..... 5108
1646. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "8-ми Март" - Скопје..... 5108
1647. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Калинка" - Валандово..... 5108
1648. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Кочо Рацин" - Скопје..... 5109
1649. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Пролет" - Скопје..... 5109
1650. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Вера Цировири - Трена" - Штип..... 5109
1651. Решение за давање согласност на Статутот на Јавната установа за деца - Детска градинка "Димче Мирчев" - Велес..... 5109
1652. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 109/2001 од 14 ноември 2001 година..... 5109

Стопанска комора на Македонија

39. Договор за регулирање на работењето со чекови по тековни сметки на граѓаните - образец 19Ц..... 5110
40. Договор за издавање и работење со чекови по тековни сметки на граѓаните..... 5111

Издавач: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.– Скопје, бул. "Партизански одреди" бр. 29.
Директор и одговорен уредник - Крум Коцарев.
Телефони 129-036, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.
Жиро-сметка 300000000188798. Бр. за ДДВ МК – 4030987108771. Депонент – Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: НИП "Нова Македонија" – АД – Скопје.